**Предлагачи на измени во Предлог Законот за Енергетика:**

**ГРУПА ОБЕСПРАВЕНИ ИНВЕСТИТОРИ НА ФОТОНАПОСНКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ, НЕЗАВИСНИ ЕДЕН ОД ДРУГ КОИ ГИ ПОВРЗУВА ИСТ ПРОБЛЕМ:**

**Инвеститори кои се влезени во квотата од 0,30 ЕУР/kWh (за централи со моќност помала од 50 KW), а неправедно им е доделена цена од 0,12ЕУР/kWh**:

1. ФОТО ВОЛТАЖЕН ПАРК ДОО увоз- извоз Струмица
2. АРЕСЕ Солушнс ДООЕЛ Скопје
3. ДН СОЛАР ДООЕЛ Скопје
4. ФИЛТЕКО СОЛАР ДООЕЛ Скопје
5. ЈАКО СОЛАР ДОЕЛ Скопје
6. ЛАЗАРО СОЛАР ДООЕЛ Скопје
7. МВ СОЛАР ДОНЧЕВИ ДООЕЛ Демир Капија
8. СЦГ1-Зоран ДООЕЛ Кучевиште
9. СЦГ2-Далибор ДООЕЛ Кучевиште
10. ЈОАН СОЛАР Дооел Скопје

**Инвеститори кои се влезени во квотата од 0,26 ЕУР/kWh (за централи со моќност поголема од 50 KW), а неправедно им е доделена цена од 0,12 ЕУР/kWh:**

1. ГЕОСОЛАР ДОО Делчево
2. СУПЕР МИКС ДООЕЛ Скопје
3. ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје

Предложените измени на новиот предлог закон за енергетика поднесени од група инвеститори независни еден од друг кои ги поврзува ист проблем се со причина намалување на можностите за манипулирање со предвидените тарифи за повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија од страна на Регулаторна Комисија за Енергетика како што ни се случи нам, горенаведените инвеститори.

Имено, иако секој од нас, независно, имаше прописно водена постапка со уредно доставена и одобрена документација, и соодветен реден број на поднесок во архивата на Регулаторна Комисија за Енергетика, што е од витално значење за запазување на критериумот "Вкупно инсталирана моќност на фотонапонски електроцентрали со повластена тарифа" по принципот "прв дојден-прв услужен"сепак ниеден од нас без исклучок, не ја доби тарифата која му следува.

Клучно во нивната манипулација е незаконско прекинување на постапката за 24 инвеститори на 20.07.2012г. иако се обврзани со закон (Член 151 став 5 од законот за енергетика) во рок не подолг од триесет дена од поднесувањето на барањето да издадат привремено решение за повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. Имено со оглед на тоа дека тарифата е поврзана со денот на добивањето на привремено решение за повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија (Член 151 став 8 од законот за енергетика) РКЕ си земаа за право тенденциозно и незаконски да ја држат прекината постапката 9 месеци. Притоа РКЕ, тенденциозно, своеволно и селективно одлучува постапката да ја продолжи за 11 (единаесет) инвеститори и да им додели

Привремено Решение со датум 16.04.2013г. кога е се уште е во важност тарифата (30/26 евроценти/К Wh) , додека за преостанатите инвеститори кои имаат поденесено барања пред овие привилегирани 11 инвеститори, РКЕ ја продожува постапката после носењето на нова тарифа (16/12 евроценти/KWh) на 17.04.2013г. од страна на Владата на РМ и им дава привремени решенија со новата тарифа значително пониска.

Од овие причини како и исправање на неправдата нанесена на горенаведените инвеститори во новиот закон предлагаме измени во насока на поврзување на тарифата со денот на поднесување на барањето со потребната документација.

Во прилог на овој допис го доставуваме и овој наш предлог со надеж дека истиот ќе биде прифатен и ќе стане интегрален дел од Предлог Законот за Енергетика.